Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

1. ЈАНУАРИ - 31. ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА




Претставување на работењето и средби со граѓаните на Денот на граѓанските организации одржан во Градскиот парк во Скопје на 25 септември 2021 год.

јануари 2022 год.

# НАКРАТКО

2021 година е 17-та година во работењето на Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) и четврта година од спроведувањето на тековниот петгодишен Стратешки план за работењето (2018-2022).

И годинава продолжи динамичното работење од претходните години за што зборуваат следниве сумирани резултати:

» Спроведени се и објавени 19 истражувања;
» Изработени се и објавени 7 бази на отворени податоци;
» Директно се мониторирани 330 тендери, а анализирани се 475 тендери;
» Организирани се 12 обуки, работилници и дебати со 280 учесници;
» Спроведена е анкета со 300 фирми за нивното учество во јавните набавки;
» Отпечатени се и дистрибуирани 8 публикации (извештаи, анализи и документи за јавни политики), достапни и во електронска форма;
» Извештаите, препораките, истражувањата и прирачниците на ЦГК се преземени 80.313 пати од интернет страницата **www.ccc.org.mk**;
» Специјализираниот веб-портал на ЦГК **www.opendata.mk** има 10.375 прегледи;
» Објавени се 740 новинарски текстови врз основа на нашите активности и резултатите од нивното спроведување во голем број медиуми во земјава;
» Со објавите на ЦГК на социјалните мрежи опфатени се 372.342 луѓе;
» Препорачани се стотина конкретни мерки за потранспарентно работење и за намалување на просторот за корупција;
» Пет предлози на ЦГК за конкретни антикорупциски мерки се прифатени и вклучени во Планот на Владата за борба против корупцијата „Акција 21“;
» Седум државни претпријатија изработија или ги ревидираа своите планови за интегритет со менторска поддршка од ЦГК;
» Прифатени се предлозите за измени и дополнувања на Законот за јавни претпријатија за намалување на партизацијата во државниот сектор;
» Резултатите и препораките од мониторингот на јавни набавки се преземени и цитирани во извештаи на неколку меѓународни организации.

Во 2021 година продолжи редовниот мониторинг на јавните набавки во земјава кој ЦГК го спроведува веќе 13 последователни години, со детектирање и укажување на слабостите и проблемите во системот на јавни набавки и со предлагање мерки за намалување на можностите за злоупотреби и на просторот за корупција.

Докажаната методологија според која ЦГК го спроведува мониторингот на јавните набавки претставува основа за спроведување на слични активности на регионално ниво, односно во рамките на проектот „Балкан Тендер Воч“ за мониторинг на јавните набавки во земјите од Западен Балкан.

Во сферата на јавните набавки, истовремено со активностите на системско ниво, ЦГК спроведува и активности за утврдување на транспарентноста, отчетноста и

интегритетот во јавните набавки на институционално ниво. И годинава, се истражуваа и анализираа овие аспекти кај јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост, односно кај државните претпријатија во земјава основани од Владата и од општините.

Во текот на 2020 година, како итен одговор на зголемите ризици од корупција при итните набавки на средства за заштита од КОВИД-19, ЦГК од самиот почеток на кризата во март 2020 година отпочна и спроведуваше ад-хок мониторинг на јавните набавки поврзани со коронавирусот. Како резултат беа објавени три периодични извештаи и бази на податоци на итните договори, еден сумарен извештај и документ за јавни политики во кои се детектирани слабостите на овие набавки, ризиците од корупција и се предложени мерки за надминување на проблемите за време на овие набавки, но и за идните набавки во услови на криза. ЦГК продолжи со мониторинг на јавните набавки поврзани со заштита од КОВИД-19 и во 2021 година со директен и длабочински мониторинг на ваквите јавни набавки кај сите институции, како и мониторинг на набавките за заштита од КОВИД-19 во сите КОВИД-центри во земјава во насока на проверка на (не)еднаквиот третман на пациентите.

Во другата главна област на делување – полето на унапредување на капацитетите на новинарите и медиумите, во 2021 година продолжија значајни активности за зајакнување на истражувачкото новинарство и соработката меѓу медиумите и невладините организации во остварување на нивната заедничка општествена улога. Продолжи и редовното асистирање на новинарите при нивните истражувања на корупцијата и трошењето јавни пари. „Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија“, по повод десетгодишнината од нивното постоење, ѝ доделија на ЦГК пофалница за поддршка, развој и унапредување на истражувачкото новинарство во земјава.

ЦГК и годинава спроведе серија истражувања за важни појави, прашања и области за натамошно користење на новинарите и невладините организации, а кои се објавуваат во отворен формат на веб-порталот **www.opendata.mk** што овозможува нивна натамошна употреба од сите заинтересирани.

Кризата поврзана со коронавирусот која траеше во текот на целата 2021 година не влијаеше позначајно врз квалитетот и врз планираното спроведување на активностите.

Инаку, активностите на ЦГК во 2021 година се спроведуваа во рамките на осум проекти, финансиски поддржани од: Европската Унија, УСАИД Македонија, Швајцарската агенција за развој и соработка, Кралството Холандија и Светската банка, а кои се спроведуваат самостојно или во партнерство со други невладини организации од земјата и од регионот.

Подетални информации за проектите, спроведувањето, активностите, резултатите, постигнувањата, донаторите и партнерите на ЦГК можат да се добијат и на нашата интернет страница **www.ccc.org.mk.**

# ЗА НАС

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) е основан во април 2005 година како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани. Во своето досегашно дејствување ЦГК ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: (1) мониторинг на државните институции и врз основа на тоа, препорачување мерки и политики за унапредување на работењето и за намалување на просторот за корупција и (2) унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата и зголемувањето на транспарентноста, одговорноста и отчетноста на државните институции.

Во оваа насока ЦГК досега има изработено и предложено неколку стотини конкретни препораки за преземање мерки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалните власти, има обучено повеќе од петстотини новинари од националните и од локалните медиуми за истражување и известување за корупција и претставници на граѓански организации, а има изработено, спроведено и објавено повеќе од двесте истражувања, анализи и прирачници.

Претставници на ЦГК редовно учествуваат на работилници и во експертски групи за креирање стратегии и мерки за борба против корупцијата и за други прашања од областите на делување на ЦГК.

Активностите на ЦГК се насочени кон вработените во државните институции и органи на централно и на локално ниво, кон новинарите, бизнисмените и нивните здруженија, кон претставниците на невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво, како крајни корисници на резултатите од делувањето на организацијата.

Персоналот на ЦГК во 2021 година броеше осуммина вработени и неколку постојани соработници – експерти од сферите на делување на ЦГК. Органите на управувањето и раководењето на ЦГК вклучуваат Собрание на здружението, Извршен одбор и претседател на здружението.

| **ВИЗИЈА НА ЦГК** | **МИСИЈА НА ЦГК** | **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ (2018-2022)** |
|---|---|---|
| ЦГК е докажан општествен чинител во демократизација на македонското општество, подобро информирање на граѓаните и транспарентно и одговорно владеење. | ЦГК ја развива и подобрува комуникацијата помеѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од пошироко значење. Ги мониторира, анализира и јакне општествените процеси во земјата и регионот во делот на антикорупција и добро владеење, евроинтеграција, медиуми и економски развој. | - Антикорупција и добро владеење;<br>- Медиуми;<br>- Евроинтеграција;<br>- Економски развој и<br>- Градење капацитети на организацијата и долгорочна финансиска одржливост. |

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И ОСТВАРУВАЊА

## Мониторинг на јавните набавки (2008-2022), во 2021 година финансиски поддржан од Програмата за граѓанско учество, финансирана од УСАИД Македонија (2018-2021) и од Институционалната поддршка на ЦГК од Програмата на Швајцарската агенција за развој, Цивика Мобилитас (2019-2022)

**Преку директно следење на јавните набавки се детектираат основните слабости во спроведувањето на тендерите и се препорачуваат конкретни мерки за надминување на проблемите, на нерационалното трошење на јавните пари и за стеснување на просторот за корупција.**




Во текот на 2021 година:

- Директно се мониторирани 180 тендери спроведени од државни институции на национално и на локално ниво;
- Објавени се три детални извештаи од мониторингот на јавните набавки со преглед на состојбата, детектирани слабости и простор за злоупотреба и корупција во јавните набавки;
- Препорачани се низа конкретни мерки што треба да се преземат за унапредување на системот на јавни набавки во земјава, било за промени во регулативата или за начинот на спроведувањето на јавните набавки;
- Изработена е анализа на жалбените постапки во јавните набавки;
- Спроведена е анкета на јавното мислење меѓу фирмите-учеснички на постапките за јавни набавки за проценка на нивното искуство од учество на тендерите.

Покрај активностите поврзани со мониторингот на јавните набавки, во рамките на стратешката поддршка од Програмата за граѓанско учество и институционалната поддршка од Програмата Цивика Мобилитас, спроведени се и следниве позначајни активности:

- Спроведено е истражување и изработено е рангирање на 97 институции (Влада, министерства, Собрание на РМ и општини и Градот Скопје) според нивото на **Активната транспарентност**, која стана главен критериум за мерење на транспарентноста на државните институции во земјава така што информациите од активната транспарентност станаа задолжителни за објавување во новиот Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во Стратегијата за транспарентност на Владата (2019-2021), како и во Акцискиот план за Отвореното владино партнерство 2018-2020.
- Спроведени и објавени се девет истражувања за важни прашања за животот и работењето на граѓаните, проследени со бази на отворени податоци на веб-порталот **www.opendata.mk** како платформа на која се објавуваат истражувањата и базите на податоци изработени од ЦГК, со цел да бидат подостапни и полесно разбрани од поширок круг граѓани.
- Изработен е и пуштен во употреба специјален вебсајт за поедноставен приказ на активната транспарентност на институциите **www.aktivatransparentnost.mk**.
- Организирана е јавна дебата врз основа на **анализа на спроведувањето на новиот Закон за право на слободен пристап до информациите од јавен карактер** за рано откривање на недоследностите во промената на законот и препорачување мерки за унапредување на примената и олеснување на пристапот на граѓаните до јавните информации со учество на 65 претставници на институции и други вклучени страни.
- Асистирани се истражувачки новинари за време на нивните истражувања и известувања за корупција и за трошење на јавните пари.



Дебата за слободниот пристап до јавни информации, 14.04.2021 год.

## Кон отчетни јавни претпријатија – проект во рамките на програмата МАТРА со финансиска поддршка од Кралството Холандија (2020-2021)

**Проектот ја намалува корупцијата во јавните набавки во државните претпријатија преку идентификување на слабостите и спроведување мерки за нивно решавање.**



**Завршна конференција за потребите и предизвиците во јакнењето на интегритетот во јавните набавки , Скопје, 23.09.2021 год.**

Во текот на 2021 година:

- За 37 државни претпријатија беа изработени и им беа доставени длабочински скрининзи за начинот на којшто ги спроведуваат јавните набавки, како основа за унапредување на спроведувањето на тендерите.
- Спроведено е истражување во кое беа опфатени 5.018 тендери што ги спровеле 37 државни претпријатија во 2020 и 2021 година за да се процени промената во однос на состојбата констатирана според исто вакво истражување од 2019 година. 29 од 37 претпријатија покажаа напредок во спроведувањето на јавните набавки по неколку параметри.
- Изработен е и дистрибуиран приручник за изработка на планови за интегритет во јавните набавки.
- Спроведени се три обуки и исто толку работилници за 76 претставници на државни претпријатија за градење на нивните капацитети за спроведување на процедурите за јавни набавки и за изработка и ревидирање на плановите за интегритет во јавните набавки.
- Седум претпријатија, со менторска поддршка од ЦГК изработија или ги ревидираа своите планови за интегритет во јавните набавки.
- Одржана е работилница и дискусија за презентација на предлозите на ЦГК за намалување на корупцијата во јавните наббавки со учество на 69 претставнјици од државни претпријатија, институции и други вклучени страни.

- Одржана е завршна конференција за потребата од и за предизвиците за зајакнување на интегритетот во јавните набавки со учество на 75 претставници од сите надлежни и вклучени институции.
- Одржана е работилница за 23 претставници на Државниот завод за ревизија за наодите од истражувањето за мапирање на ризиците од корупција во јавните набавки на државните претпријатија.



Од работилниците за градење капацитети на државните претпријатија за изработка и спроведување планови за интегритет во јавните набавки, септември 2021 год.




Од обуките за јакнењето на капацитетите на државните претпријатија за превенирање на корупцијата во јавните набавки , Скопје, јуни 2021 год.

## БАЛКАН ТЕНДЕР ВОЧ – ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ЕУ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА „КОНСОЛИДИРАЊЕ НА ТЕМАТСКИ РЕГИОНАЛНИ МРЕЖИ НА ОРГАНИЗАЦИИ ОД ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО“ (2018-2022)

**Проектот го зголемува влијанието на граѓанското општество од земјите од Западниот Балкан врз антикорупциските политики и практики за време на целиот циклус на јавни набавки, со искористување на евроинтеграцијата како трансформативна агенда.**




Во текот на 2021 година:

- Спроведен е директен и длабочински мониторинг на повеќе од 100 тендери, за проценка на ризиците од корупција во секоја од фазите во циклусот на јавни набавки, вклучувајќи 27 тендери од Северна Македонија;
- Изготвени и објавени се годишни извештаи во сенка врз основа на докази за состојбата на работите и напредокот во јавните набавки во пет земји од Западен Балкан, вклучувајќи ја и Северна Македонија;
- Обезбедени се детална проценка на ранливоста на корупцијата во системите за јавни набавки и препораки за надминување на идентификуваните проблеми за Владите и другите засегнати страни, вклучително и за Северна Македонија;
- Спроведени се консултации со повеќе од 50 претставници на сите вклучени страни во Северна Македонија за проценка на состојбата со спроведувањето на новиот Закон за јавните набавки;
- Организирана е регионална конференција како форум за презентација на истражувањата и состојбите во јавните набавки во земјите од Западен Балкан, дискусија и размена на мислења за генераторите на корупција и начините на унапредување на состојбата.

Проектот се спроведува во партнерство: Фондацијата за отворено општество Србија (како водечка организација), Фондот отворено општество Босна Херцеговина, Косовската Фондација за отворено општество и Мрежата за афирмација на НВО секторот - МАНС, Црна Гора.



Тркалезна маса за состојбите во јавните набавки со претставници на договорни органи и бизнис-секторот, Скопје, 10.11.2021 год.






## КОВИД-19 НАБАВКИТЕ ВО ФОКУСОТ – ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН СО ГРАНТ ОБЕЗБЕДЕН ОД БАЛКАНСКИОТ ФОНД ЗА ДЕМОКРАТИЈА, ПРОЕКТ НА ГЕРМАНСКИОТ МАРШАЛОВ ФОНД НА СОЕДИНЕТИТЕ ДРЖАВИ И НА УСАИД (2021-2022)

**Проектот обезбедува зголемено ниво на информации за граѓаните за подобро разбирање на набавките поврзани со КОВИД-19 и ризиците од корупција во нив, како и засилен јавен притисок врз јавните институции за подобрување на регулативата и практиката во врска со транспарентноста, отчетноста и интегритетот на тендерите поврзани со кризи, и вклученост на јавните институции во дијалог за креирање и имплементација на јавна политика за подобрување на набавките во време на криза.**

Во текот на 2021 година:

- Развиени се клучните документи за проектот како: Акциски план, План за мониторинг и евалуација и Методологија за мониторинг на набавките поврзани со КОВИД-19.
- Детектирани се сите КОВИД-19 набавки за првото полугодие на 2021 година и од нив е избран примерок од 40 постапки за јавни набавки што претставува 38,5 % од сите вакви тендери и опфаќа 37,7 % од вредноста на тие тендери.
- Прибрани се, обработени и анализирани податоците и повеќе од 4000 страници документи за сите постапки од мониторингот.
- Изработена е анализа од истражувањето која ќе укажува на ризиците од корупција и ќе послужи како основа за унапредување на идните кризни набавки во земјата.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ И НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ БИЗНИС-СЕКТОР, ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА НА ЕУ ЗА ПОДДРШКА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ОД ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО РАМКИТЕ НА CIVIL SOCIETY FACILITY ACTION 2016-2017 (2018-2021)

**Проектот опфаќа активности за зајакнување на влијанието на граѓанското општество врз намалување на корупцијата во бизнис-секторот, преку подобрување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на државните претпријатија и зголемување на учеството на приватниот сектор во борбата против корупцијата.**

Во текот на 2020 година:

- Изработена е и ставена е на располагање на државните претпријатија Алатка за проценка на ризиците од корупција и механизмите за обезбедување на интегритет во овие претпријатија;
- Проценети се транспарентноста и отчетноста на државните претпријатија преку мерење на степенот на почитување на стандардите кои се изработени врз основа на анализа на релевантната законска регулатива и меѓународни препораки;
- Изработени се препораки за законски измени и репери за добри практики за зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на државните претпријатија;
- 50 претставници на главните вклучени страни од целата земја се консултирани на три работилници за сферите подложни на корупција во локалните јавни претпријатија во нивните средини на живеење и делување;
- Функционална е претходно воспоставената платформа за јавно-приватен дијалог во борбата против корупцијата;
- Воспоставено е јадро од граѓански организации од целата земја за застапување кои спроведуваат истражувања и мониторинг за да ги зајакнат своите активности за намалување на корупцијата во бизнис-секторот;
- Преку партнерските организации спроведено е истражување и изработена е анализа на финансиското работење на 30-те најголеми државни претпријатија во земјава; зајакнати се капацитетите за борба против корупцијата преку обука на повеќе од 200 претставници на бизнис-секторот и изработена е и пуштена во примена онлајн платформа за поддршка на напорите на бизнис-секторот за намалување на корупцијата и зголемување на интегритетот во работењето.

Проектот се спроведува во партнерство со Конект и Здружението на даночни советници.


Интегритет и антикорупција
во бизнис секторот
ЕУ
ТЕБЕ
ФИНАНСИСКА
АНАЛИЗА
НА РАБОТЕЊЕТО НА
ДРЖАВНИТЕ / ЈАВНИТЕ
ПРЕТПРИЈАТИЈА
2015-2019
КОНЕКТ

## Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите, проект финансиран од Европската Унија во рамките на Програмата за поддршка на граѓанското општество за механизам за секторско вмрежување (2019-2022)

**Проектот овозможува суштинско и структурно учество на граѓанското општество, кое ги изразува ставовите на граѓаните, со цел да влијае на клучните секторски реформи во процесот на пристапување кон ЕУ.**




**Насловната страница на онлајн платформата dijalogkoneu.mk**

Во текот на 2021 година:

- Изработени се извештаи во сенка за работењето и ефектите од работењето на три секторски работни групи: за управување со јавните финансии, за транспорт и за конкурентност и иновативност, како дел од вкупно 11 извештаи во сенка изработени во рамките на проектот од сите вклучени партнерски организации;
- Учество и соработка во промоција на извештаите и важноста на учеството на граѓанските организации во механизмите и процесите на пристапување на земјата кон ЕУ.

Проектот се спроведува во партнерство со Фондацијата Отворено општество - Македонија (како водечка организација), Реактор – Истражување во акција и Евротинк – Центар за европски стратегии.













**Регионални консултации со граѓански организации, 13.12.2021 год.**

## ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА КО-КРЕИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНОТО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО 2021-2023 – ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД МУЛТИДОНАТОРСКИОТ ФОНД НА СВЕТСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ И ЛОКАЛНИТЕ СУБЈЕКТИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ОТВОРЕНОТО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО (2020-2021)

**Проектот го засилува процесот на ко-креирање на Акцискиот план за ОВП 2021-2023 за да се обезбедат поамбициозни заложби, подобрување на дизајнот и амбициозноста на Акцискиот план, преку насочени тематски консултации и (онлајн) работилници; подобрување на квалитетот на ангажманот и дијалогот за ко-креирање, преку ангажирање на нови претставници на Владата, ангажирање на Мрежата на граѓански организации за ОВП и меѓународни партнери; вложување на посебни напори за да се допре до недоволно застапените групи, вклучувајќи жени, млади и ромска заедница; зајакнување на процесот за разгледување и приоретизирање на заложбите, преку развој на сериозни критериуми и систематски пристап и обезбедување на аргументиран одговор на сите засегнати страни кои придонесуваат во процесот на ко-креирање, како и обезбедување на следење и мониторинг на усвоениот Акциски план преку работните групи на Мрежата на граѓански организации за ОВП.**

Во 2021 година:

- ЦГК активно учествуваше во Советот за координација и следење на процесот на ОВП и Националниот акциски план 2018-2020;
- ЦГК ја модерираше работата за изработка на Акцискиот план 2021-2023 за приоритетната област „Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност“;
- ЦГК учествува во процесот на координација и поддршка во изработката на Акцискиот план 2021-2023 што го обезбедува Тимот за поддршка на Секретаријатот на ОВП;
- Три заложби предложени од ЦГК станаа дел од Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година, што Владата го потврди на својата седница одржана на 26.10.2021 година. Според усвоените заложби, (1) заедно со податоците за добитниците на тендерите, ќе се објавуваат и вистинските сопственици на тие фирми; (2) покрај на Електронскиот систем за јавни набавки, институциите ќе мора да ги објавуваат информациите за тендерите и на своите веб-страници; (3) и секоја институција ќе мора да достави годишен извештај за објавените информации од јавен карактер на својата веб-страница до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Организирани се две информативни средби со претставници на новинарската и бизнис-заедницата за новиот Национален акциски план за ПОВ 2021-2023.

Проектот се спроведува во партнерство со Фондацијата Отворено општество Македонија (како водечка организација) и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) од Скопје.



**Од претставувањето и дискусијата за Националниот акциски план за ПОВ пред претставниците на новинарската и на бизнис-заедницата, Скопје, декември 2021 год.**